**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5023/2
03.10.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5023/1 од 29.10.2025 година, поднесено од барателот [redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I. Барањето со 26-5023/2 од 29.10.2025 година, поднесено од барателот [redacted] со кое се бара информации од јавен карактер и тоа за:

- Реонизација на зони на Општина Велес;
- Бодовите за макролокација на градежните објекти според реонизацијата на зони за Општина Велес;
- Просечни цени од м2 на продадени неизградени градежни земјишта и(дворни места) за 2024 година(за индивидуални станбени згради-куќи, колективни станбени згради,деловни згради, административни згради, индустриски објекти, згради и станови за одмор и рекреација, големи трговски единици) и
- Просечни цени од м2 за продадено земјоделско земјиште по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Велес и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Велес за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен за експроприрано земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Велес согласно со прописите за експропријација, информациите да му се доставаат во електронска форма на меил, **СЕ УСВОЈУВА.**

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

II. Се известува барателот [redacted] дека во врска со бараните информации, од страна [redacted] Советот на Општина Велес се донесени следните одлуки:

- Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2024 година, бр.25-5210/5 од 27.12.2023 година;
- Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште,шуми,пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2024 година, бр.25-5210/6 од 27.12.2023 година;
- Одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот за 2024 година, бр.25-5210/7 од 27.12.2023 година;
- Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2025 година, бр.25-5208/6 од 27.12.2024 година;
- Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште,шуми,пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2025 година, бр.25-5208/7 од 27.12.2024 година;
- Одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот за 2025 година, бр.25-5208/8 од 27.12.2024 година;

**Образложение**

Барателот [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со 26-5023/2 од 29.10.2025 година, со кое побара информации од јавен карактер и тоа за:

- Реонизација на зони на Општина Велес;
- Бодовите за макролокација на градежните објекти според реонизацијата на зони за Општина Велес;
- Просечни цени од м2 на продадени неизградени градежни земјишта и(дворни места) за 2024 година(за индивидуални станбени згради-куќи, колективни станбени згради,деловни згради, административни згради, индустриски објекти, згради и станови за одмор и рекреација, големи трговски единици) и



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

- Просечни цени од м2 за продадено земјоделско земјиште по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Велес и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Велес за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен за експроприрано земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Велес согласно со прописите за експропријација, и информациите да му се достават во електронска форма на меил.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информации од јавен карактер, во законски определениот рок согласно член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), и констатираа дека барањето се однесува на информации од јавен карактер поради што истото се усвојува а на барателот му се доставуваат бараните информации во електронска форма на меил.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*